Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**

Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 09 -04- 2019
Орг. Един. 08 | Број 368/3 | Прилог: | Вредност:

УП1 бр. 14-1342
12 -03- 2019 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 145 став 6 и член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Психологија на Филозофскиот факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Психологија на Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, достави барања под нивен број 09-79/4 од 30.01.2019 година (под наш УП1 бр. 14-1342 од 30.01.2019 година) за извршување на увид на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Психологија на Филозофскиот факултет, единица во состав, по добиената Решение за акредитација под бр. 1409-266/4 од 19.01.2019 година, издадена од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1342 од 05.02.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус студии наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 06.03.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1342 од 07.03.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Психологија на Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**Dr. Arbër Ademi**

Доставено до:
- Архива

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Dr.Agim Rushiti